Бр./Nr 12-282/3
07-02-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносителел без наведена адреса на живеење, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 100-та седница одржана на 05.02.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-2761/1 од 08.06.2023 година, оформен по пријава против Општината --------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се во нејзина надлежност и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси..

Предметот со број 12-2761/1 08.06.2023 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

До ДКСК поднесена е пријава од познат подносител, со наводи за бесправна градба, кои се однесуваат на паркинг простор пред зграда во Општината --------- и оформен е предмет број 12-2761/1 од 08.06.2023 година.

Подносителот во пријавата наведува дека паркинг просторот е дива градба и се гради пред куќата на подносителот, пред станбената зграда на истата улица и на приватно земјиште на катастарска парцела со број --------/12 КО:--------- 1.

Подносителот исто така наведува дека реагирала до општина -------- но била игнорирана.

Во насока на утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во конкретниот предмет ДКСК писмено се обрати до Општина --------- за да се изјасни по наводите од пријавата и за преземените мерки од нивна надлежност.

Во одговорот доставен од Општина ---------- се наведува дека, паркинг просторот пред зграда на Бул. ---------- населба ------------, е изградено од страна на Општина --------- по барање на станарите кои живееат во самата зграда. Проширувањето на паркингот е изведено со префабрикувани бетонски елементи и изведените површини се со времен карактер. Земјиштето не е во приватна сопственост туку е сопственост на РСМ (прилог имотен лист бр.----------) врз кое земјиште Општина ----------- има право да располага според законските надлежности и ингеренции на остварување на јавен интерес на граѓаните на Општината.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Одобрил: Н.Б –член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk